**20230681386**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 110 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20 и 67/22), министерот за труд и социјална политика донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ

Член 1

Во Правилникот за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 284/21), во членот 2 во делот „РУДНИЦИ“, во насловот „Рудници за олово и цинк“ и поднасловот „Јамски цевководи“, по работното место „рударски работник во јама“ се додаваат пет нови работни места, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „сменски сервисер за јамска механизација | 12/18 |
| сервисер за јамска механизација | 12/15 |
| сервисер инжинер | 12/15 |
| супервизор за опрема за дупчење | 12/14 |
| острач на дупчачки прибор | 12/14“. |

Во насловот „Рудници за бакар“ и поднасловот „Возен парк“ по работното место „возач на камион над 7 тони“ се додаваат два нови поднаслова со работни места, кои гласат:

„РПЕ Лужење на бакарни руди и производство на катоден бакар

| | |
|---|---|
| сменски раководител-сменоводител | 12/14 |
| лаборант (хемиски техничар) | 12/14 |
| ракувач на сорбција | 12/15 |
| ракувач на екстракција | 12/15 |
| ракувач на електролиза | 12/15 |
| работоводител на хидротехнички објекти | 12/14 |
| ракувач на хидротехнички објекти | 12/14 |
| прифаќач на готови производи | 12/14 |
| хигиеничар | 12/14 |
| машинобравар, главен мајстор | 12/14 |
| заварувач, главен мајстор | 12/14 |
| бравар за одржување | 12/14 |

машинско одржување

| | |
|---|---|
| машинобравар, главен мајстор | 12/14 |
| заварувач, главен мајстор | 12/14 |
| бравар за одржување | 12/14“. |

Во делот „ЦАРИНСКА УПРАВА“, во насловот „Раководни царински службеници“ работното место „виш цариник водач на смена“ се брише и се додаваат две нови работни места, кои гласат:

| | |
|---|---|
| „водител на смена | 12/15 |
| водач на смена | 12/15“. |

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 09-2432/3
24 март 2023 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Јованка Тренчевска**, с.р.